С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 2 година XLII 23 февруари 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

18.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за пристапување кон донесување на Статут на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за пристапување кон донесување на Статут на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/1
22 февруари 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ”5/02), а согласно член 23, став 1, точка 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр. 1/03, 5/05 и 9/05),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 21. 02. 2006 година, донесе

О Д Л У К А
за пристапување кон донесување на Статут на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши пристапување кон донесување на Статут на Општина Велес.

Член 2

Донесувањето на Статутот да се изврши во редовна постапка во II фази:

-Нацрт Статут;
-Предлог Статут.

Член 3

Нацрт-статутот се разгледува на Јавна расправа, со цел непосредно вклучување на граѓаните, месната самоуправа, здруженија на граѓани и други заинтересирани субјекти,по усвојувањето од страна на Советот на Општина Велес.

Член 4

Носител на Јавната расправа ќе биде Градоначалникот и Советот на Општина Велес преку Комисијата за Статут и прописи.

Член 5

Комисија за Статут и прописи и општинската администарција се задолжуваат да изготват Нацрт текст на Статут на Општина Велес и да го достават на усвојување на Советот на Општина Велес.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-656/3
21.02.2006 година
Велес

Претседател,
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

19.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Нацрт-статут на Општина Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Нацрт-статут на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/2
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 23, став 1, точка 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Нацрт - статут на Општина Велес

1.Советот на Општина Велес го усвои Нацрт - статутот на Општина Велес.

2. Нацрт - статутот ќе се разгледува на Јавна расправа и забелешките кои ќе бидат дадени кон него, ќе бидат составен дел на Нацрт - статутот кој ќе биде изработен како Предлог-статут и ќе биде доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на некоја од наредните седници.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-656/4
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

20.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на цените за изнајмување на користење на противпожарната опрема со која располата Територијалната противпожарна единица

Се прогласува Одлуката за утврдување на цените за изнајмување на користење на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/3
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 8 и 49 од Законот за пожарникарство („Службен весник на РМ“ бр. 67/04),член 36, став 1, точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен гласник на РМ“ бр.5/02), а согласно Одлуката за формирање на територијална противпожарна едница Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.6/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 21.02.2006 година донесе,

О Д Л У К А
за утврдување на цените за изнајмување на користење на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат цените за изнајмување на користење на противпожарната опрема со која што располага Територијаланата противпожарна единица Велес.

Член 2

О п р е м а т а с о к о ј а р а с п о л а г а Територијалната против- пожарна единица може да ја изнајми секое правно или физичко лице доколку има потреба од користење на истата.

Член 3

Цените за изнајмување на користење на противпожарната опрема спрема физичките лица се следните:

Вид на опрема	час	денари
1. ПП-скала едноделна	1	80,оо
2. ПП-скала дводелна	1	100,оо
3. ПП-јаже	1	160,оо
4. ПП-црево Ф/52 мм	1	60,оо
5. ПП-црево Ф/75 мм	1	70,оо
6. ПП-ремен	1	40,оо
7. ПП-шлем	1	20,оо
8. ПП-пумпа за вадење вода	1	150,оо
9. Испитување на хидрант	1	100,оо
10. Млазница	1	20,оо
11. Редуцир спојка	1	40,оо
12. Рефлектор	1	70,оо
13. Мегафон	1	100,оо
14. Транспорт на вода со ПП-возило1 пожарникар до 25 км	1	1.500,оо
15. Над 25 км на секој поминат километар	1	30,оо
16. Обезбедување на спортски и културни манифестации	1	1.000,оо

За правните лица кои ја изнајмуваат на користење противпожарната опрема, важат утврдените цени од член 3 на оваа Одлука зголемени за 20%.

Член 4

Корисниците се должни да се грижат за изнајмената опрема и да ја вратат во исправна состојба. Во спротивно должни се да ја надоместат штетата или набават нова опрема за истата намена.

Член 5

Финансиските средства за користењето на противпожарната опрема ќе се уплаќаат на жиро-сметка на Општина Велес и истите ќе бидат наменски искористени за одржување на постојната и набавка на нова опрема.

Член 6

За начинот, времето и другите услови на користење на противпожарната опрема, корисниците ќе склучат посебен договор со одговорното лице на Територијалната противпожарна единица.

Член 7

Територијалната противпожарна единица е должна да врши периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема која се дава на користење.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0707-656/5
21.02.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

21.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на дел од објект

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на дел од објект, што Советот на

Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/4
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05,9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на дел од објект

Член 1

Во Одлуката за давање на времено користење на дел од објект („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 14/05) во член 1, после запирката по зборот „Анабела", се додаваат зборовите „Музичка група Перкашен бенд "Ритмика".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0707-656/6
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

22.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за начин на вршење на трговски дејности од мал обем

Се прогласува Одлуката за начин на вршење на трговски дејности од мал обем, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/5
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 2 и 9 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивна регистрација („Сл.весник на РМ" бр. 64/2005) и член 23, став 1 точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за начин на вршење на трговски дејности од мал обем

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на вршење на трговски дејности од мал обем, локациите, паричниот надоместок, работното време и контролата над вршењето на дејностите од мал обем (во понатамошниот текст: дејност од мал обем).

Член 2

Дејност од мал обем може да врши физичко лице во вид на занимање, на определена локација или во движење.

Физичкото лице кое ги исполнува општите и посебните услови определени со закон и прописот за вршење на одделени дејности од мал обем, ќе ја врши дејноста, доколку биде регистрирано како вршител на дејност од мал обем (во понатамошниот текст: вршителот на дејноста).

Член 3

Дејноста од мал обем може да се врши само на определена локација која се одбележува и не може да изнесува повеќе од 6 (шест) м2, под услови и на начин утврдени со Правилник.

Определените локации на кои ќе се извршуваат дејностите од мал обем, ќе се објават преку средствата за јавно информирање и на огласна табла на Општината.

Член 4

Дејноста од мал обем може да се врши и во пазарни денови од неделата и на други локации и пазари во други општини во земјата, под услови определени и дадени од општината во која ќе се врши дејноста.

Лицетото кое живее во друга општина и е регистрирано за вршител на дејност од мал обем, доколку дејноста ја извршува во Општина Велес,

за него ќе важат истите услови за вршење на дејноста и користење на локацијата, како и за лицата регистрирани на подрачјето на Општина Велес.

Член 5

Локацијата за вршење на дејности од мал обем, може да се определи и на замјиште во приватна сопственост, со согласност на сопственикот.

Член 6

За користење на локацијата, вршителот на дејноста е должен да плати паричен надоместок во висина од 5 денари за м2 на ден.

Член 7

Работното време за вршење на дејности од мал обем е од 6:00 до 23:00 часот, во време утврдено со решение кое не може да биде подолго од 8 работни часа.

Член 8

Работното време на дејностите од мал обем кои ќе се извршуваат на организираните пазари ќе биде утврдено со работното време на пазарот.

Член 9

За вршење на дејноста од мал обем, вршителот ќе биде задолжен со решение, во кое ќе биде утврден видот на дејноста, локацијата и начинот на извршување.

Врз основа на издаденото решение на вршителот ќе му се издаде легитимација која е должен да ја истакне на видно место (на тезгата).

Член 10

Решението и легитимација на вршителот на дејноста му ги издава Градоначалникот на Општина Велес за период од 1 година или за определен временски период (сезонски), во зависност од видот на дејноста.

Член 11

Евиденција за издадените решенија за вршење на дејности од мал обем во посебен регистар врши општинската администрација.

Член 12

Контролата над вршењето на дејностите од мал обем ќе ја спроведуваат надлежните инспекциски органи, во согласност со закон.

Член 13

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на работното време и начинот на користење на локацијата за вршење на трговски дејности од мал обем („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.10/05).

Член 14

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701- 656/7
21.02.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

23.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за определување на локации и начин на нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за определување на локации и начин на нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/6
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за определување на локации и начин на нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем

1.Се усвојува Правилникот за определување на локации и начин на нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-656/8
21.02.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05) и член 3, став 1 од Одлуката за начин на вршење трговски дејности од мал обем („Службен гласник на Општината Велес" бр.2/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година донесе

П Р А В И Л Н И К
за определување на локации и начин на нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и начинот на определување на локациите и нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем на подрачјето на Општината Велес (во понатамошниот текст:локацијата).

Член 2

Локацијата ќе се определи доколку не го попречува слободното движење на пешаците на тротоарот или други патеки за движење, како и на плоштад или пред излог на деловен објект во кој не се врши иста или слична дејност.

Локацијата неможе да се определи:

- на простор определен за пристап на хендикепирани лица, односно лица со посебни потреби, ниту пак во радиус од 1,5 метри од тој пристапен простор;
- на растојание помало од 1,5 метри од попречниот профил на тротоарот или пешачката улица;
- на растојание помало од 8 метри во зоната на свртување на улица, односно во зоната на вкрстување на улиците; и
- на растојание помало од 8 м од влез на станбен или деловен простор.


Член 3

Локациите на кои ќе се вршат дејности од мал обем се следниве:


локација бр. 1 на ул.„Маршал Тито" над двонаменско засолниште




- локација бр. 2 на ул.„Благој Ѓорев“ трговски центар , плато над пазарчето




- локација бр. 3 на ул.„Благој Ѓорев“ плоштатка „Панко Брашнар“




- локација бр. 4 во Младински парк




- локација бр. 5 на ул. „Петре Причко“-шеталиште на Кеј на река Вардар




- локација бр. 5 наул. „Петре Причко“-шеталиште на Кеј на река Вардар




- локација бр. 6 ул. „Алексо Демниевски“ - Парк на херои



- локација бр. 7 Спортско рекреативен центар Градски парк



- локација бр. 8 Спортско рекреативен центар Тунел



Дејности кои ќе се вршат на утврдените локаци од член 3 на оваа Одлука се следниве:

-локација бр.1 - мед, семки, кикирики, леблебии, лешници, бадеми,пуканки;грнчарски производи;бижутерија и галантерија; сувенири,уметнички слики и предмети; конфекциониран сладолед; печени и варени костени; печени и варени пченки; метли и производи од трска.

- локација бр.2 - мед, семки, кикирики, леблебии, лешници, бадеми, пуканки; печени и варени пченки; печени и варени костени; конфекциониран сладолед; грнчарски производи; бижутерија и галантерија; овошје и зеленчук.

- локација бр.3 - сувенири , уметнички слики и предмети.

- локација бр.4 - мед, семки, кикирики, леблебии, лешници, бадеми, пуканки; печени и варени костени;печени и варени пченки; конфекциониран сладолед; украсни птици;сувенири, уметнички слики и предмети.

- локација бр.5 - мед, семки, кикирики, леблебии, лешници, бадеми, пуканки; конфекциониран сладолед; сувенири, уметнички слики и предмети; печени и варени пченки; печени и варени костени;

- локација бр. 6 - сувенири, уметнички слики и предмети.

- локација бр.7 - мед, семки, кикирики, леблебии, лешници, бадеми, пуканки; конфекциониран сладолед; печени и варени пченки; печени и варени костени;

- локација бр.8 - мед, семки, кикирики, леблебии, лешници, бадеми, пуканки; конфекциониран сладолед; печени и варени пченки; печени и варени костени;

Член 5

Вршителот на дејноста на кој му е дозволено користењето на локацијата, должен е со себе да носи легитимација за идентификација закачена на видно место на облеката и да се грижи за локацијата да биде во чиста, исправна и визуелно привлечна состојба.

При поставувањето на подвижната опрема не смее да презема градежни зафати на локацијата, а особено не зафати кои го менуваат материјалот и нивелетата на јавната површина.

Над површината не смее да монтира платформи или рампи од било кој материјал.

Член 6

Подвижната опрема што ќе ја користи за извршување на дејноста, не смее на никаков начин да биде прицврстена за подлогата и треба да овозможи нејзино лесно и брзо отстранување.

Член 7

Начинот на користење на локацијата на смее:

- да го нарушува карактерот и изгледот на околниот градски простор;

-да го отежнува или оневозможува користењето на околните објекти и простори;

-негативно да влијае на изгледот и користењето на објектите и зоните со статус на споменик на културата или на зоните со посебен заштитен режим;

-да создава бучава над дозволените граници и на било кој друг начин да ги попречува функциите на домувањето.

Член 8

Видот на производите кои се продаваат на локацијата мора да овозможуваат краткотрајна трансакција за завршување на продажбата или на услугата.

Производите не смеат да предизвикуваат непријатни миризби, ниту пак на било каков начин да ја валкаат или флекаат јавната површина. Исто така, производите треба лесно да бидат носени од пешаци, а начинот на нивното продавање не смее да произведува бучава.

Член 9

При поставувањето на подвижна опрема на локацијата, минималната слободна проодна широчина од попречниот профил на тротоарот или пешачката улица мора да изнесува 1.50м.

На улиците на кои има голем обем на пешачки сообраќај минималната слободна проодна површина може да изнесува и повеќе од 1.50 м, за што одлучува Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште, односно Одделението за урбанизам и просторно планирање во Општина Велес (во понатамошниот текст: наделжниот општински орган).

Член 10

Поставување подвижна опрема не е дозволено на дел од тротоар во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците.

Границите на оваа зона се утврдуваат на 8м. од пресечната точка на регулационите линии или на страната на пешачките премини која е подалеку од крстосницата или свртувањето, доколку нејзината оддалеченост од пресечната точка на регулационите линии е поголема од 8м.

Член 11

При поставување подвижна опрема на локацијата, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење како и одредбите од овој Правилник. За секој поединечен случај одлучува надлежниот општински орган.

Член 12

Максималната површина на локацијата за извршување на трговска дејност од мал обем не може да изнесува повеќе од 6м2 и истата се обележува на соодветен начин, во зависност од дејноста која се извршува.

Наделжниот општински орган ќе изврши одбележување на локациите, во рок од 2 месеца по донесувањето на овој Правилник.

Член 13

При краткотрајно користење на локацијата, самостојните подвижни тезги можат да бидат со типска или уникатна изработка.

Подвижната тезга не треба да биде поголема од 130 x 70 x 80.

Член 14

Регистрираниот вршител на дејноста од мал обем, може да извршува трговска дејност од мал обем како подвижен уличен продавач со:

- Моторно возило или приколка кои треба да имаат најмалку 3 м2 продажен простор и 1,5м висина;
-Подвижна количка, која при продажба на прехрамбени стоки треба да биде затворена со прозирен материјал; и
-Специјално одбележани флуоросцентни торби за продажба на весници и списанија.

Член 15

По завршувањето на работното време, вршителот е должен подвижната опрема да ја отстрани, локацијата да ја исчисти, а доколку во текот на денот јавната површина биде оштетена, да ја доведе во првобитната состојба непосредно по отстранувањето на подвижната опрема.

Член 16

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Велес ".

Број 0701-656/8
21.02.2006 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

24.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес", бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за начинот и условите за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во Општина Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за начинот и условите за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/7
22 февруари 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 20 Тарифен број 4 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ" бр.61/04), член 36 став 1 точка 3 Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 23, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05) и член 4, тарифен број 4 од Одлуката за утврдување на висината за комунални такси („Сл.гласник на Општина Велес" бр.5/05) ,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 21.02.2006година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за начинот и условите за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за начинот и условите за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.8/00), се врши следнава измена: „во членот 4 зборовите: „главниот градски архитект" се бришат и се заменуваат со зборовите „раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна средина".

Член 2

Во членот 12 бројот „600" се брише и се заменува со бројот „800".

Член 3

Во членот 13 во заградата после зборовите „инспектор за" се додаваат зборовите „патен сообраќај и "

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-656/9
21.02.2006 година
Велес

Претседател
на Совет на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

25.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење на место за огласување односно за отстранување на обележје

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење на место за огласување односно отстранување на обележје, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/8
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапка за издавање одобрение за користење на место за огласување односно за отстранување на обележје

1.Се усвојува Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапка за издавање одобрение за користење на место за огласување односно за отстранување на обележје.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-656/10
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), и член 23 став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.1/03 5/05 и 9/05), а согласно Одлуката за начинот и условите на истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.8/00),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 21.02.2006 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење на место за огласување односно за отстранување на обележје

Член 1

Во насловот на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење на место за огласување односно за отстранување на обележје (“Службен гласник на Општина Велес”бр. 3/01 и 5/01), после зборовите „утврдување на “ се додаваат зборовите „локациите и “.

Член 2

Во член 1 зборот „утврдува“ се брише и се заменува со зборовите „ утврдуваат локациите и “.

Член 3

После член 1 се додава нов член 2 кој гласи:

„Член 2

Локациите на кои може да се постават билборди и ситилајти се:

Р/бр.	Л о к а ц и ј а	Билборди	Ситилајти
1	Ул. “Благој Ѓорев” на спој со ул. “Првомајска”	1	
2	Ул. “Благој Ѓорев” на влезот во Касарна		2
3	Ул. “Благој Ѓорев” (кај Багремче)		1
4	Ул. “Благој Ѓорев” (кај “Алевадо”)	1	
5	Ул. “Благој Ѓорев” (спрема забавен парк „Телеком“)	1	
6	Ул. “Благој Ѓорев” (од “Ќоше” до “Ерик”)		4
7	Младински парк		2
8	Ул. “Благој Ѓорев” на спој со “Шефки Сали”	1	
9	Ул.„Маршал Тито“ (од Комерцијална банка до Стопанска банка)		3
10	Ул.„Маршал Тито“ (под Градскиот саат)	2	
11	Ул.„Петре Прличко“(кај Стар мост)	1	
12	Ул.„Петре Прличко“(кај Автобуска станица)	1	2
13	Ул.„ Димитар Влахов“(кај бензинска пумпа)	1	
14	На влезот на градот (кај „Макпромет“)	1	
15	На излезот на градот (кај магацинот „Аником“)	1	
16	На излезот на градот (пред кривината за Превалец)	1	

Бројот на членовите во понатамошниот текст се зголемува за еден.

Член 4

Во членот 2 од Правилникот во табелата, во реден број 3 вредноста од „210 ГМ“ се брише и се заменува со „6.800,00 денари “, вредноста од „40 ГМ“ се брише и се заменува со „ 1.250,00 денари“.

Текстот во табелата се дополнува со следниве зборови: „утврдената вредност изразена во денари ќе претставува почетна вредност при лицитацијата за добивање на места за огласување“.

Член 5

Текстот во членот 4 се брише и се заменува со нов текст кој гласи: „Надоместокот од член 2 се уплатува на трезорска сметка бр.100000000063095, уплатна с-ка 840-111-03252, приходно конто:717132 - комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места“.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701- 656/10
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

26.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежности од областа на социјалната заштита

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежности од областа на социјалната заштита, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/9
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05), а согласно член 3 од Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита (“Сл.гласник на Општина Велес “бр. 1/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита

1.Се усвојува Правилникот за начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-656/11
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 3 од Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита („ Сл.гласник на Општина Велес“ бр.1/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита.

Член 2

Делегирањето надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита се врши преку објавување на јавен конкурс во локалните медиуми.

Член 3

Со пријавата на здружението на граѓани кое е запишано во Регистерот на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика; покрај наведените документи во јавниот конкурс се приложуваат и податоци за:

1. Регистарски број и број на решение на здружението издадено од Министерството за труд и социјална политика;

2. Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирање на активностите од делегираната надлежност;

3.Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на делегираните надлежности;

4. Финансиска структура на активностите;

5. Име, презиме и матичен број на лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;

6. Име, презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности;

7. Информација за искуството со реализирани проекти од областа на социјалната заштита на одговорното лице, согласно на барањата и потребите од јавниот конкурс.

Член 4

Градоначалникот распишува конкурс и формира тричлена комисија која ги разгледува пријавите по конкурсот на здруженијата на граѓани кои ги исполнуваат условите, согласно Законот за социјална заштита и овој Правилник.

Член 5

Пријавата од член 3 на овој Правилник, се разгледува во присуство на сите членови на Комисијата.

Мислењето што го изготвува Комисијата се потпишува од сите членови на Комисијата и се доставува до Градоначалникот.

Член 6

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот конкурс за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на социјалната заштита утврдена со Законот за социјална заштита, врши бодирање и тоа:

-соодветност на предлогот со барањата од јавниот конкурс од 1 до 10 бода;

-капацитет на предлагачот, искуство во реализација на проекти од областа на социјалната заштита, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирање на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на социјалната заштита, поставеност на систем на контрола на квалитетот и работењето од 20 до 30 бода; и

-поврзаност на делегираните надлежности со активностите и резултатите од досегашната работа на здружението на граѓани и одговорното лице за реализација на надлежностите.

Член 7

Разгледувањето на пријавата и утврдувањето на фактичката состојба Комисијата го врши врз основа на непосредно извршен увид на здружението на граѓани и субјектите предложени за реализирање на делегираните надлежност, до 60 бода.

Член 8

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува помеѓу Општина Велес и здружението на граѓани, согласно Законот за социјална заштита, содржи:

1.Краток опис на делегираните надлежности;

2.Времетраење и датум на влегување во сила на договорот;

3.Обврски на договорните страни;

4.Начин на реализирање на делегираните надложности и редовно доставување на извештаи;

5.Осигурување и одговорност за направена штета;

6.Висината на средствата од Буџетот на Општина Велес што ќе се исплатат на здружението на граѓани за реализирање на делегираните надлежности;

7.Начинот на исплаќање на средствата;

8.Трошоци што нема да бидат покриени;

9.Ревизија и мониторинг;

10.Раскинување на договорот; и

11.Завршни одредби.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-656/11
21.02.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

27.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежности од областа на спортот

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежности од областа на спортот, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/10
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05), а согласно член 3 од Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита (“Сл.гласник на Општина Велес “бр. 1/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилник за начинот и постапката за делегирање надлежности за здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот

1.Се усвојува Правилникот за начинот и постапката за делегирање надлежности за здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-656/12
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 3 од Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на спортот („ Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот.

Член 2

Делегирањето надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот се врши преку објавување на јавен конкурс објавен на локални медиуми.

Член 3

Со пријавата на здружението на граѓани кое е запишано во Регистерот на здруженија на граѓани од областа на спортот при Агенција на млади и спорт; покрај наведените документи во јавниот конкурс се приложуваат и податоци за:

1.Регистарски број и број на решение на здружението издадено од Агенција за млади и спорт;

2. Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирање на активностите од делегираната надлежност;

3. Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на делегираните надлежности;

4. Финансиска структура на активностите;

5. Име, презиме и матичен број на лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;

6. Име, презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности;

7. Информација за искуството со реализирани проекти од областа на спорт на одговорното лице, согласно на барањата и потребите од јавниот конкурс.

Член 4

Градоначалникот распишува конкурс и формира тричлена комисија која ги разгледува пријавите по конкурсот на здруженијата на граѓани кои ги исполнуваат условите, согласнои овој Правилник.

Член 5

Пријавата од член 3 на овој Правилник, се разгледува во присуство на сите членови на Комисијата.

Мислењето што го изготвува Комисијата се потпишува од сите членови на Комисијата и се доставува до Градоначалникот.

Член 6

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот конкурс за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на спортот, врши бодирање и тоа:

-соодветност на предлогот со барањата од јавниот конкурс од 1 до 10 бода;

-капацитет на предлагачот, искуство во реализација на проекти од областа на спортот, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирање на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на спортот, поставеност на систем на контрола на квалитетот и работењето од 20 до 30 бода; и

-поврзаност на делегираните надлежности со активностите и резултатите од досегашната работа на здружението на граѓани и одговорното лице за реализација на надлежностите, до 60 бода.

Член 7

Разгледувањето на пријавата и утврдувањето на фактичката состојба Комисијата го врши врз основа на непосредно извршен увид на здружението на граѓани и субјектите предложени за реализирање на делегираните надлежности.

Член 8

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува помеѓу Општина Велес и здружението на граѓани, содржи:

1.Краток опис на делегираните надлежности;

2.Времетраење и датим на влегување во сила на договорот;

3.Обврски на договорните страни;

4.Начин на реализирање на делегираните надложности и редовно доставување на извештаи;

5.Осигурување и одговорност за направена штета;

6.Висината на средствата од Буџетот на Општина Велес што ќе се исплатат на здружението на граѓани за реализирање на делегираните надлежности;

7.Начинот на исплаќање на средствата;

8.Трошоци што нема да бидат покриени;

9.Ревизија и мониторинг;

10.Раскинување на договорот; и

11.Завршни одредби.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од дено на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Broj 0701-656/12
21.02.2006 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

28.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/11
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година

1.Се усвојува Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-656/13
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ “ бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес “ бр. 1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
За обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година

Поаѓајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во државата и посебно во Општината Велес, Советот на Општина Велес во 2006 година ќе биде вклучен, а во одредени случаи ќе биде и носител на обележувањето на следните датуми :

6 јануари	63 години од борбата кај месноста Речани
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
9 јануари	Годишнина од загинувањето на Благој Кирков
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
	ОУ „Благој Кирков“
14 јануари	63 години од загинувањето на народниот херој Благој Стрaчковски и првоборецот Славе Петков Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
	Работнички универзитет „Благој Стрaчковски“
	МЗ „Славе Петков“
15 февруари	Годишнина од раѓањето и смртта на Рајко Жинзифов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОУ „ Рајко Жинзифов“ с. Долно Оризари
22 февруари	62 годишнина од Февруарскиот поход
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес, ОО на СЗБ од НОВ
8 март	Меѓународен ден на жената
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Организација на жени на Општина Велес
14 март	64 години од Штрајкот на учениците во велешката гимназија
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ Гимназија “Кочо Рацин”
7 април	62 година од загинувањето на народниот херој Димче Мирчев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

21-23 април	64 години од формирањето на ВПО "Димитар Влахов" и ПО „Трајче Петкановски"
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
22 Април	Светски ден на планетата земја
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	еколошките друштва во Општина Велес
28 Април	103 години Солунски атентати (Гемиџии)
	Положување цвеќе на споменикот на Гемиџиите, Положување цвеќе на гробот на Милан Арсов во с. Ораовец
Носител :	Општина Велес
1 Maj	*Меѓународен ден на трудот*
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општински синдикален совет
4 Maj	103 годишнина од загинувањето на Гоце Делчев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Републички одбор за обележување на настани и личности од историјата на македонскиот народ
6 мај	Годишнина од загинувањето на Петар Михов
	Положување цвеќе и пригодно навраќање за значењето на Петар Михов на гробот во црквата Св. Спас
Носител :	Општина Велес
9 Maj	Ден на победата над фашизмот
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес, ОО на СЗБ од НОВ
Втората недела во мај	Светскиот ден на мајчинството

24 Мај	Ден на македонските просветители Кирил и Методиј
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво од Министерството за образование и ќе организира пригодна програма
Носител :	ОУ "Кирил и Методиј"
мај	100 години од раѓањето на Живко Фирфов
	Концерт на сериозна музика во чест на Живко Фирфов
Носител :	Општина Велес ООМУ „Киро Димов"
5 Јуни	Светски ден на екологијата
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	еколошките друштва во Општина Велес
13 јуни	63 година од загинувањето на Кочо Рацин
	Почит кон Рацин во Велес и на местото на погибијата на Лопушник
Носител:	Општина Велес Установа „Рацинови средби" ОО на СЗБ од НОБ
29 јуни	Почит кон македонските бранители
	Обележување на 4 годишнината од загинувањето на Оливер Китановски на спомен обележјето во Башино Село
Носител :	ОО на СЗБ од НОБ ЗГ „Резервни воени обврзници учесници во настаните 2001/02 година" Општина Велес
12 јули	Годишнина од смртта на Андреја Дамјанов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на републичко ниво
Носител:	Сојуз на архитекти на Македонија
12 јули	55 годинио д смртта на Панко Брашнар
	Почит пред споменикот на Панко Брашнар
Носител:	Општина Велес ОО на СЗБ од НОБ

26 јули	56 години од загинувањето на борците од Егејска Македонија во граѓанската војна во Грција(1946-1949)
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
2 Август	103 години Илинденско востание
	Пригодно чествување на празникот
Носител:	Општина Велес
2 Август	62 години од I Заседание на АСНОМ
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на републичко ниво
Носител :	Собрание на Република Македонија, Општина Велес
6 вгуст	Годишнина од загинувањето на Трајко Андреев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ ОУ „Трајко Андреев“
18 Август	Ден на армијата на Република Македонија
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Гарнизонот на АРМ - Велес
29 август	Годишнина од смртта на Јордан Хаџи Константинов – Џинот
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Народен театар „ ЈХК Џинот“ Општина Велес
2 Септември	62 години од формирањето на Осмата македонска народноослободителна ударна бригада
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ Гарнизон на АРМ - Велес

8 Септември	Ден на самостојноста на Република Македонија
	Организирање на свечено обележување
Носител :	Општина Велес
10 Септември	61 години од загинувањето на борците на Осмата МНОУБ кај месноста Раштански колиби
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
14 септември	64 години од масакрот на Пуста Кула
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
22 септември	Годишнина од смртта на Димитрија Чуповски
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител:	ОСУ „Димитрија Чуповски“
Октомври	Годишнина од смртта на Јован Наумов Алабакот
	Посета на гробот во с. Ораовец
	Положување цвеќе, пригодно обраќање
Носител :	Општина Велес
Октомври	Годишнина од смртта на Андреа Димов – Докурчев
	Општина Велес ќе учествува во подготовките за одбележувањето на годишнината
Носител :	Општина Велес
11 Октомври	Ден на востанието на македонскиот народ
	Ден на борецот
	Положување цвеќе на Спомен – костурница
	Пригодно обраќање по повод празникот
Носител :	Општина Велес и ОО на СЗБ од НОВ
24 октомври	62 години од загинувањето на Јовче Тесличков
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ

1 ноември	70 години од загинувањето на Ганчо Хаџи Панзов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
9 Ноември	Денот на ослободувањето на Велес – општински празник (и денот на формирањето на Народно-ослободителниот одбор на Велес)
	Пригодна програсма, свечена седница на Советот на Општина Велес , доделување 9 – то Ноемвриски награди и признанија
Носител :	Општина Велес
14 ноември	60 години од основањето на првото Основно музичко училиште во Република Македонија
	Општина Велес ќе се вклучи во подготовките за обележување на јубилејот
Носител :	ОМУ „Киро Димов“, Општина Велес
15 ноември	84 години од убиството на војводата Љубомир Весов (с. Острилци, Крушевско)
Носител :	Општина Велес
22 ноември	Годишнина од загинувањетона војводата Илија Кушев – с. Оризари
Носител :	Општина Велес
1 Декември	Светски ден за борба против сидата
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ЦПНВО
3 декември	Светски ден на лицата со посебни потреби
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес Дневен центар за лица со посебни потреби, ПОУ „Маца Овчарова“, Центар за социјални работи – Велес, ЦПНВО
10 декември	Годишнина од загинувањето на семејството Капчеви
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите

13 декември	Годишнина од загинувањето на Благој Ѓорев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
18 декември	Годишнина од убиството на народните херои Страшо Пинџур и Мирче Ацев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ
21 Декември	Годишнина од смртта на Миле Поп –Јорданов
	Положување цвеќе на гробот, пригодно обраќање
Носител :	Општина Велес
24 декември	Годишнина од смртта на Васил Главинов
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител:	ОУ „Васил Главинов“
27 декември	Годишнина од убиството на Богдан Каракостев
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СЗБ од НОВ

Програмата за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2006 година ги содржи обележувањата на настајни и личности значајни за историјата на Велес и Република Македонија.

Во позициите во кои е носител Општина Велес, ќе се преземат сите потребни активности за обележувањето, а во позициите каде е носител друга институција Општината ќе се приклучи во обележувањето на настанот.

Оваа Програма стапува во сила осум дена од денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Велес “.

Број 0701-656/13
21.02.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

29.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за имотот на Општина Велес со кој располага Територијалната противпожарна единица

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Информацијата за имотот на Општина Велес со кој располага Територијалната противпожарна единица, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/12
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информација за имотот на Општина Велес со кој располага Територијалната протипожарна единица

1. Се прифаќа Информацијата за имотот на Општина Велес со кој располага Територијалната противпожарна единица.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-656/14
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

30.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на соообраќајот на патиштата

Се прогласува Решението за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/13
22 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 392 од Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ“ бр. 14/98, 38/02, 38/04), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес" бр.1.03,5/05 и 9/05), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 4/98),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување членови во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

1. Од член во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Општина Велес се разрешува:

- Љубица Манчовска - самостоен референт по сообраќај и патишта во Општина Велес.

На место на разрешениот член се именува:

- Славица Переска советник, инспектор за патен сообраќај и патишта во Општина Велес.

2. Составот на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Општина Велес се дополнува со следниве членови:

- Марјан Арсов - Виш инспектор за безбедност во патниот сообраќај при СВР Велес,
- Зоран Стојановски - наставник и
- Кирил Брашнарски - професор.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-656/15
21.02.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

31.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Предлог до Министерството за образование и наука за нова струка и образовен профил за упис на ученици во општинското средно училиште „Коле Неделковски“ во учебната 2006/2007 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Предлог до Министерството за образование и наука за нова струка и образовен профил за упис на ученици во општинското средно училиште „Коле Неделковски“ во учебната 2006/2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/14
22 февруари 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1,точка 8 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Предлогот до Министерството за образование и наука за нова струка и образовен профил за упис на ученици во општинското средно училиште „Коле Неделковски” во учебната 2006/2007 година

1. Се усвојува Предлогот до Министерството за образование и наука за нова струка и образовен профил за упис на ученици во општинското средно училиште “Коле Неделковски” во учебната 2006/2007 година, кој е даден по предлог на општинското средно училиште “Коле Неделковски” Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-656/16
21.02.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

32.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Поддршка на Иницијативата во постапка за донесување на Законот за судовите

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Поддршка на Иницијативата во постапка за донесување на Законот за судовите, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 21.02.2006 година.

Број 0801-679/15
22 февруари 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 21.02.2006 година, донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Поддршка на Иницијативата во постапка за донесување на Законот за судовите

1. Се усвојува Поддршката на Иницијативата во постапка за донесување на

Законот за судовите.

2. Поддршката ќе биде доставена до иницијаторите - Здружението на судии на Република Македонија преку судиите во Основен суд Велес, како и до Министерството за правда, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-656/17
21.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

33.

Врз основа на член 63 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 3 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација ("Службен весник на РМ" бр. 64/05), и член 60, став 3 од Статутот на општината („Сл. Гласник на Општина Велес" бр. 1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за пропишување на образецот на Барањето за регистрацијаза вршител на трговска дејност од мал обем

1. Образецот на Барањето за регистрација на трговска дејност од мал обем ја има следната форма и содржина:

ДО
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Б А Р А Њ Е
за регистрација на вршител на трговска дејност од мал обем

Податоци за барателот: _____
/Име и презиме/

_____
/Адреса на живеење/

_____
/Единствен матичен број на граѓанинот/

_____
/Телефонски број/

Вид на трговска дејност од мал обем за која се бара да се регистрира: _____

Локација: _____

Опис на тезгата:
/ако дејноста се врши на тезга/ _____

Работно време: од _____до _____

Дали предходно извршувал таква дејност, кога и каде: _____

Изјавувам дека сакам да работам, односно да вршам трговска дејност од мал обем и потврдувам дека дадените информации се точни.

_____200____
/Дата на поднесување/

БАРАТЕЛ
_____

2. Образецот на Барањето е на А4 формат .

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

34.

Врз основа на член 63 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 4 став 6 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација (“Службен весник на РМ” бр.64/05), и член 60, став 3 од Статутот на општината („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за образецот , формата и содржината на легитимацијата за вршител на трговска дејност од мал обем


1. Со ова решение се пропишува формата и содржината на легитимацијата за вршител на трговска дејност од мал обем.

2. Легитимацијата е двострана, пластифицирана со димензии 110 x 70 мм.

3. Предната страна на легитимацијата ги содржи следните податоци:



4. Задната страна на легитимацијата ги содржи следните податоци:



5. Легитимацијата за вршење на трговска дејност од мал обем:

-на организиран пазар ќе биде испечатена со црни букви на хартија со црвена боја;

-на закупена локација ќе биде испечатена со црни букви на хартија со жолта боја;

-во движење ќе биде испечатена со црни букви на хартија со бела боја;

-услуга ќе биде испечатена со црни букви на хартија со зелена боја.

6. Легитимацијата ја издава Градоначалникот на лицето кое се регистрира како вршител на трговска дејност од мал обем.

7. Легитимацијата има важност за времето за кое му е издадено Решението или додека вршителот на дејноста, по некој основ не биде избришан од регистарот на вршители на трговска дејност од мал обем.

8. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
18	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за пристапување кон донесување на Статут на Општина Велес** **О Д Л У К А за пристапување кон донесување на Статут на Општина Велес**	17
19	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Нацрт-статут на Општина Велес** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Нацрт - статут на Општина Велес**	18
20	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на цените за изнајмување на користење на противпожарната опрема со која располата Територијалната противпожарна единица** **Одлука за утврдување на цените за изнајмување на користење на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица**	18
21	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на дел од објект** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на дел од објект**	19
22	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за начин на вршење на трговски дејности од мал обем** **О Д Л У К А за начин на вршење на трговски дејности од мал обем**	20
23	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за определување на локации и начин на нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилник за определување на локации и начин на нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем** **П Р А В И Л Н И К за определување на локации и начин на нивно користење за вршење на трговски дејности од мал обем**	21
24	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за начинот и условите за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во Општина Велес**	28

Бр на акт **Страница**

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за начинот и условите за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во Општина Велес

25 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење на место за огласување односно за отстранување на обележје** 29

З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапка за издавање одобрение за користење на место за огласување односно за отстранување на обележје

П Р А В И Л Н И К за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на надоместоците во постапката за издавање одобрение за користење на место за огласување односно за отстранување на обележје

26 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежности од областа на социјалната заштита** 31

З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилник за начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита

ПРАВИЛНИК за начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита

27 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежности од областа на спортот** 32

З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилник за начинот и постапката за делегирање надлежности за здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот

ПРАВИЛНИК за начинот и постапката за делегирање надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот

28 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година** 34

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година

Бр на акт **Страница**

П Р О Г Р А М А За обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2006 година

29 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за имотот на Општина Велес со кој располага Територијалната противпожарна единица** 42

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Информација за имотот на Општина Велес со кој располага Територијалната протипожарна единица

30 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за безбедност на соосбраќајот на патиштата** 42

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

31 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Предлог до Министерството за образование и наука за нова струка и образовен профил за упис на ученици во општинското средно училиште „Коле Неделковски“ во учебната 2006/2007 година** 43

З А К Л У Ч О К за усвојување на Предлогот до Министерството за образование и наука за нова струка и образовен профил за упис на ученици во општинското средно училиште „Коле Неделковски” во учебната 2006/2007 година

32 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Поддршка на Иницијативата во постапка за донесување на Законот за судовите** 43

З А К Л У Ч О К за усвојување на Поддршка на Иницијативата во постапка за донесување на Законот за судовите

33 **Р Е Ш Е Н И Е за пропишување на образецот на Барањето за регистрацијаза вршител на трговска дејност од мал обем** 44

34 **Р Е Ш Е Н И Е за образецот , формата и содржината на легитимацијата за вршител на трговска дејност од мал обем** 45

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00